


Историска победа на ВМРО-ДПМНЕ во 54 општини и градот Скопје, Кичево е симболот на заедништвото

ВМРО-ДПМНЕ оствари историска победа на овие локални избори, освојувајќи 54 општини плус градот Скопје. Владината коалиција покажа дека е стабилна и легитимна, обезбедувајќи вкупно 66 општини од 81, што претставува доверба од граѓаните за нов почеток и вистински промени.

Симболиката на оваа победа најсилно се гледа во Кичево, каде кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, доби поддршка од сите етнички заедници, и е слика на заедништво во

град кој со години беше бастион на ДУИ. Токму во Кичево, обединувањето на граѓаните стана симбол на отпорот против корупцијата и партиската злоупотреба,

Во Брвеница, Јовица Илиевски победи и покрај нечесната кампања на противкандидатот. Во Карпош, новиот градоначалник е Сотир Лукровски од ВМРО-ДПМНЕ, како и во Град Скопје каде довербата од граѓаните ја доби Орце Ѓорѓиевски од ВМРО-ДПМНЕ.

На овие избори, граѓаните јасно порачаа дека е време за промени, за нови лица и нова енергија што ќе ја води државата напред во следните четири години. Народот реши да стави крај на неправдите и да ја довери својата иднина на луѓе што ќе работат чесно и посветено за нивното добро.

Промени се случија и во Валандово, Дојран, Дебарца, Демир Капија, Крушево, Пробиштип, Росоман и Чучер Сандево, каде што новите градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ ќе ја предводат локалната власт. Вториот изборен круг само ја запечати сликата, ВМРО-ДПМНЕ потврди победа и во Аеродром, Виница, Конче, Неготино, Лозово, Македонски Брод, Могила, Ранковце и Чешиново-Облешево.

Со овие резултати, опозицијата е длабоко поразена. СДС и ДУИ мора сериозно да се консолидираат и реформираат. Потребна е конструктивна опозиција, заснована на аргументи и поддршка за реформи, а не на деструктивни политики и пракси како во времето на СДС и ДУИ.

Во СДС, неколкуте оставки не се доволни кога проблемот лежи во лидерството на Венко Филипче, човек кој беше дел од најкриминалната и најкорумпираната власт во поновата историја на Македонија. Додека тој ја води партијата, СДС ќе остане на дното, а овие избори се доказ дека граѓаните го испратија во историјата.

ВМРО-ДПМНЕ покажува дека има слух за сите граѓани, дури и за оние кои одлучија да не ја дадат својата поддршка никому. Новото раководство ќе работи на тоа да ја заслужи нивната доверба преку вистински промени, конкретни реформи и подобрување на животниот стандард.

Затоа што граѓаните заслужуваат повеќе, заслужуваат власт која ќе се бори за нив, а не против нив.